OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 14 декември 2017 година

# Нов банкомат на Охридска банка Сосиете Женерал во населба Маџари

Ги информираме клиентите дека во функција е нов банкомат лоциран на бул. „Благоја Стефковски“ бр. 57, во просториите на Златно Жито во населба Маџари.

На сите клиенти покрај мрежата на банкомати, им стои на располагање и мрежата на експозитури ширум земјата, како и електронското банкарство и апликацијата за мобилно банкарство „Моја Банка-Мобилна Банка”, која на клиентите им овозможува на брз и едноставен начин да управуваат со својата банкарска сметка од својот мобилен телефон.

Повеќе информации за производите и услугите на Охридска банка Сосиете Женерал, како и мрежата на експозитури и локатор на банкомати можат да се најдат на www.ohridskabanka.mk .

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција. Од 2007 година, Охридска банка Сосиете Женерал припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 148.000 вработени, со седиште во 76 земји, групацијата Сосиете Женерал е на страната на 30 милиони клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 28 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал е носител на две награди од страна на „Euromoney“ во категоријата „Најдобра банка во Македонија“ за 2010 и 2016 година. Исто така, светски познатото списание „Глобал фајненс“ ја прогласи Охридска банка Сосиете Женерал за Најдобра банка во Македонија за 2016 година во категоријата „Најдобри банки на пазарите во развој во Централна и Источна Европа“.*

SOCIETE GENERALE GROUP

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**

Елена Глигоровска
Раководител на Дирекцијата за развој на производи, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709

Ивана Петревска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 682